ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Потпишан Договорот за продолжување на втората фаза од изградбата на современиот градски пазар во Делчево
- Делчево повторно во групата општини со висока транспарентност
- За прв пат асфалт на неколку улици во Делчево
- Заврши рехабилитацијата на земјоделсктиот пат во с. Вирче. Ќе се рехабилитира и земјоделскиот пат во Долни Бавчи


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 27 ЈУЛИ-АВГУСТ 2022


## Потпишан Договорот за продолжување на втората фаза од изградбата на современиот градски пазар во Делчево



### Делчево повторно во групата општини со висока транспарентност

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

### За прв пат асфалт на неколку улици во Делчево



### Заврши рехабилитацијата на земјоделсктиот пат во с. Вирче. Ќе се рехабилитира и земјоделскиот пат во Долни Бавчи




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 11 Седница на Советот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



На 11 редовна Седница на Советот на Општина Делчево, советниците расправаа и донесоа одлуки по 18 точки од Дневниот ред.

Советниците ја донесоа Одлуката за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година, со која се изврши пренамена на средства за екскурзијата на матурантите, а поголем дел од средствата се распоредени за електрична енергија и улично осветлување, дел за дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Средствата се одземени од програма ЈЛ 1.000.000 и од програма Д0 40.000 денари.

Советниците донесоа одлуки со кои ги утврдија приоритетот и намената на инвестицијата за проектот ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА, ДЕЛНИЦА СРЕДНИ БАВЧИ за аплицирање до Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој по Мерка 124 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година: Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште под мерка 124.3. Висината на инвстицијта е до 1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Донесена е и Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште за изградба на пречистителна станица за вода за пиење со намена Е1.5 – Инфраструктури на водоснабдување (станица за пречистување и дезинфекција) – административна зграда, КО Тработивиште во Општина Делчево;

Советниците донесоа и Одлука за прифаќање на инцијатива на Советот на Општина Штип за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење работи во рамките на проектот„Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.

Исто така се донесе и Одлука за утврдува реони во општинските основните училишта од Општина Делчево се опфаќаат учениците од основните училишта на целата територија на Општина Делчево, а советниците расправаа и донесоа одлуки за формирање паралелки со помал број ученици во трите образовани институции во градот.

Исто така, на денешната Седница, советниците одлучија да одобрат финансиски средства: во износ од 20.000 денари на ЈЛБ „Илинден“ за печатење на монографијата на авторите Драган Арсов и Софрон Ѓеоргиевски под наслов „Паметници за Царево Село- цркви и манастири и сеќавање на царевоселци“; финансиска поддршка на ЖКК „Патриот“ во износ од 30.000 дена за организација за успешната организација на завршниот турнир „Final Four“ за најдобрите 4 екипи на возраст до 16 години во женска конкуренција кој се одржа на 4 и 5 јуни 2022 година во Делчево. Исто така, советниците определија 30.000 денари за КУД „Гоце Делчев“.

Меѓу другите точки, советници го усвоија Заклучокот на Тромесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2022 -31.03.2022 година, број 0102-150/1 од 19.04.2022 година; а беше формирана и Комисија за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

На денешната Седница, Советот донесе Одлука за престанок на мандатот на членот на Советот Сања Николовска од ПП Левица. Одлуката следува по поднесеното Барање на советничката Сања Николовска од ПП Левица, која од лични причини поднесе неотповиклива оставка од функцијата член на Советот.

# Советниците одлучија: за прв пат жена командир во ПС Делчево



На 12 Седница на Советот на Општина Делчево, мнозинството советници ја избраа Лејла Анакиевска за нов командир на Полициската станица од општа надлежност во Делчево со што на кормилото на ПС во Делчево, за прв пат застанува жена.

Изборот на командир на полициската станица во Делчево беше единствена предложена точка за Дневниот ред на 12 Седница на Советот, а советниците избираа меѓу тројца предложени кандидати од министерот за внатрешни работи, каде, освен Анакиевска која има 21-годишен стаж во полицијата, беа доставени имињата и на полициските службеници Илчо Дончевски и на Марија Постоловска.

На Седницата беше разгледана и дополнителната точка за состојбата на загадувањето во река Брегалница по неодамнешниот помор на риби, кој беше пријавен од спортските рибиловци во Делчево. По однос на оваа точка, советниците донесоа препораки, кои ќе бидат доставени до општинскиот инспекторат за животна средина.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Потпишан Договорот за втората фаза од изградбата на градскиот пазар

Актуелности



Во Општина Делчево, директорката на Центарот за развој на ИПР, Зујица Алексова и изведувачот, фирмата ПАНЕЛ-М од Тетово, како и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, како краен корисник, го потпишаа Договорот „Градски пазар во Делчево-отворен и затворен дел II фаза“.

Вкупната вредност на работите согласно со овој Договор е 28.488.960 денари со вклучен ДДВ. Средствата во висина од 13,9 милиони денари се обезбедени од Буџетот на Владата на РСМ согласно со Одлуката за доделување средства за финансирање проекти за развој на планските региони за 2021 г. со индикативно планирани средства за 2022 г. Средствата во висина од 14.501.752 ден со вклучен ДДВ се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Со реализацијата на овој проект, Делчево за прв пат добива современ градски пазар со целата инфраструктура, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање храна и најразновидна стока, како и соодветен паркинг– простор. Градскиот пазар е со површина на градежна парцела 11.599 м2 и содржи продажен простор за земјоделски производи, но и други стоки.

Во првата фаза од изградбата, 7 милиони денари беа обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој, а 13 милиони денари беа обврска на Општина Делчево.



# Заврши рехабилитацијата на полскиот пат кон с. Вирче

Актуелности



Заврши комплетната рехабилитација на полскиот пат кон с. Вирче со што се заокружи рехабилитацијата на вкупната траса на патот во должина од над 1300 метри. На последните 320 метри од трасата се работеше на расчистување, машинско планирање и набивање на тлото, ископ и уредување на земјени канавки и набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробеник. Со оваа интервенција, оваа делница од селскиот пат комплетно се поврза патот со претходно извршената рехабилитација (од приклучокот со општинскиот пат Вирче – Град кон с. Вирче во должина од 1000 метри) кој поминува низ земјоделско обработливо земјиште, претежно овоштарници и ниви и се приклучува кон селската патна мрежа.

Рехабилитацијата на селскиот пат се реализираше во рамки на проектот **„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачја со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“.** Вкупната вредност на изведба на работите за рехабилитација согласно потпишаниот Договор помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион и изведувачот СД Транс изнесува 487.179,52 денари со ДДВ.

Финансиските средства за доршување на овој проект беа дополнително обезбедени преку барање за доискористување на средства на Центарот за развој на источниот плански регион, за чие искористување помеѓу Центарот за развој на источниот плански регион и Општина Делчево беше склучен Договор за заедничка реализација на активност „Рехабилитација на селски пат во село Вирче во општина Делчево (завршеток на траса).

Со реализацијата на овој проект за „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“ и целосно завршување на рехабилитацијата на трасата, директно се влијае на подобрување на руралната патна инфраструктура во непосредна близина на с.Вирче во општина Делчево, а најголема корист ќе имаат сопствениците и корисниците на обработливото земјоделско земјиште до кое директно се пристапува од оваа траса, а опфаќа површина од околу 36 ха.

Актуелности

# Ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во Долни Бавчи



Се решава проблемот со пристапот до земјоделските површини и индивидуалните земјоделски стопанства во месноста Долни Бавчи во Делчево. Преку Програмата за рурален развој за 2022 г на МЗШВ и поддршката на планските региони за изградба на земјоделски патишта во Делчево, ќе се рехабилитира земјоделскиот пат во должина од 1000 м кој води од мостот на ул. „Индустриска“ покрај реката Брегалница во месноста Долни Бавчи. Вредноста на Договорот за изградба на овој земјоделски пат е 1.855.500 ден.

На настан организиран организиран од МЗШВ во Струмица, на градоначалникот Горан Трајковски му беше доделен Договорот за рехабилитација на земјоделски- полски пат во Долни Бавчи од страна на министерот Љупчо Николовски.

По тој повод, градоначалникот Трајковски истакна дека со реализацијата на овој проект се решава и уште еден проблем на земјоделците.

–Земјоделците сега во месноста Долни Бавчи ќе добијат соодветна патна инфраструктура. Тоа значи полесен пристап до земјоделските површини или до нивните објекти. При поројни дождови беше оневозможено движењето со возила и со земјоделска механизација до земјоделското земјиште на овој терен. Како Општина го слушаме гласот и потребите на граѓаните и со еден сериозен пристап, бараме трајно решавање на проблемите, истакна Трајковски.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# За прв пат асфалт на неколку улици во Делчево

Актуелности



За прв пат асфалт добија неколку улици во Делчево со вкупна должина од околу 400 метри. Се асфалтираа улиците: „Грозданец“ во населбата Стар Расадник во должина од 200 метри, две улици во населба Басарица, улицата зад станбените згради на ул „Кеј на Брегалница“ во населбата Трети Реон во должина од околу 100 метри, а во тек е и изградба на потпорен ѕид на ул „Маршал Тито“.
Изградбата на улиците е во рамките на инфраструктурниот пакет за изградба на улици финансиран од Буџетот на Општина Делчево во износ од 12 милиони денари. Во рамките на овој пакет инфраструктурни проекти, денеска се асфалтираше и пристапна улица на „Илинденска“.
Во втората фаза од реализација на проектите се планира и изградба на потпорен ѕид на ул. „Острец“ во должина од 33 метри; реконструкција на дел од „Орце Николов“ во должина од 200 метри и изградба на крак од „Орце Николов“ во должина од 60 м, како и изградба на две улици во населба Басарица. Во овој пакет инфраструктурни проекти е планирано и крпење на ударните дупки на сообраќајниците низ градот.
Изведувач на работите за изградба на општински улици е ОСД „Кирил“ од Скопје.





Актуелности

# Ќе се реконструира улицата „Ванчо Прке“



Улицата „Ванчо Прке“ во населбата Втори Реон во Делчево ќе се реконструира со средства од Декадата и Стратегијата на Ромите. Општина Делчево ја објави јавната набавка за реконструкција на улицата во должина од 223 метри, а за која се обезбедени парични средства во висина од 2.300.000,00 денари без вклучен ДДВ од комбинирани извори и тоа: од Владата на Република Северна Македонија согласно со Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите и врз основа на склучен Договор за меѓусебно регулирање на правата и обврските во однос на извршена исплата на финансиски средства склучен помеѓу Министерот за транспорт и врски на Република Северна Македонија и градоначалникот на Општина Делчево. Владата на Република Северна Македонија доделува 1.428.074,00 денари на Општина Делчево, а Општина Делчево учествува со парични средства во износ од 871.926,00 денари без ДДВ обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2022 година. Јавно отворање ќе се одржи на ден 12.09.2022 година во 9:00 часот.

Со реконструкцијата на улицата „Ванчо Прке“ ќе се реши актуелниот проблем со оштетеноста на коловозот и ударните дупки, а ќе се подобри безбедноста во сообраќајот на учесниците, како и квалитетот на живеење на населението од ромска, македонска и турска етничка заедница која живее на улицата и во овој дел од населбата.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Општина Делчево повторно во групата општини со највисока транспарентност

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Активната транспарентност на Општина Делчево во 2022 година изнесува 88,6 % (од можни 100 %) со што Општина Делчево трета година по ред се пласира во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност што значи исполнување на обврските од 80 % до 100 %. Со овие бодови, општината се наоѓа на 23-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или трета општина по транспарентност во Источниот регион.

Ова е нотирано од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини. Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата ’многу добра‘, оние со 60-80% во групата ’добра‘, институциите со 40-60% исполнетост во групата ’просечна‘, од 20-40% исполнетост во групата ’слаба‘ и од 0-20% во групата ’многу слаба‘ активна транспарентност.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Првачињата во Делчево ќе добијат по 3.000 денари

Актуелности




Сите делчевски првачиња кои се запишани во двете основни училишта во Делчево во учебната 2022/23 ќе добијат по 3000 денари, еднократна поддршка од Општината. Средствата се предвидени во општинскиот Буџет и се во рамките на мерката на Општина Делчево предвидена во Програмата за социјална заштита која значи поддршка на родителите за да го подговат своето дете кое го започнува школувањето, но и мотивација на родителите да ги запишуваат своите деца во делчевските училишта.

Постапката за доделување парична помош за прваче се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Делчево, како и потпишана изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош, документи кои можат да се симнат од веб-страницата на Општина Делчево, (delcevo.gov.mk). Исто така, потребна е и важечка лична карта на еден од родителите; Извод од матичната книга на родените за детето; Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште;трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош за прваче се поднесува во рок од три месеци од почетокот на школската година.

Инаку, во двете основни училишта во Делчево во учебната 2022/23 година се запишани 107 првачиња. Во ООУ „Ванчо Прке“ се запишани 45 првачиња од нив во централното училиште во Делчево се запишани 44 првачиња, а во Подрачното училиште во с. Ѕвегор, едно прваче. Во ООУ „Св. Климент Охридски“ се запишани вкупно 62 првачиња од кои 55 се во централното училиште во Делчево, едно прваче во с. Разловци, три во Тработивиште, две во с. Град, едно во с. Стамер.

Актуелности

# Отворена сензорна соба во ООУ „Св. Климент Охридски“



Во ООУ „Св. Климент Охридски“ беше пуштена во употреба сензорната соба наменета за учениците од посебните паралелки во училиштето, а опремена со различни реквизити кои нудат стимулација на сите сетила и подобрување на сензорната дисфункција кај децата Отворањето на сензорната соба, како значајна алатка за инклузивно образование и подобрување на сензорните способности кај децата со попреченост, стана реалност со поддршката на донаторите од Делчево кои несебично се вложија, за да ја реализираат идејата на стручниот тим на училиштето и да се создадат услови за инклузивност и работа со децата со попреченост.

На пригодната свеченост покрај донаторите, присуствуваа и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој е и еден од донаторите, како и дел од стручниот тим на училиштето.

Градоначалникот Трајковски истакна дека отворањето на сензорната соба во ООУ „Св.Климент Охридски“ во Делчево е школски пример како со општествено одговорни граѓани, граѓани свесни дека со нивните донации може да се помогне во отстранувањето на пречките, да се создаваат услови за инклузивност на учениците со попреченост, да се создаваат услови за еднакви можности и шанси за развој.

Училиште ООУ „Св.Климент Охридски“ години station наназад работи во полето на инклузијата и вклучување деца со потешкотии во воспитно-образовниот процес. Во училиштето покрај редовните паралелки има и посебни паралелки во кои учат деца со пречки во развојот. Од минатата година со процесот на инклузивно образование овие паралелки се трансформираа во Центар за поддршка. Самиот процес на инклузија повлекува безброј барања и потреби кои ќе им го олеснат образовниот процес на децата со потешкотии. Од минатата година со овие деца работат образовни асистенти, а отварањето на сензорната соба претставува чекор кон поинклузивно образование.

Инаку, опремувањето на сензорната соба го помогнаа донаторите од Делчево: градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски; Виктор Коларски – сограѓанин кој живее и работи во Америка; Иван Гоцевски – советник во Советот на Општина Делчево; Јулија Маринкова – сограѓанка која живее и работи во Англија; дел од наставниот кадар во ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево: Коста Цинцовски, Дарко Цинцовски, Даниела Анѓеловска и Весна Иванова.

# Хуманитарна мисија „Заедно за еден поинаков прв училишен ден“

Актуелности




Под мотото „Заедно за еден поинаков прв училишен ден“, традиционално и годинава на почетокот на учебната година, ЈЛБ„Илинден“-Делчево и Општина Делчево, подарија училишен прибор и пакети со храна на ученици кои живеат во социјален ризик. По консултации со надлежните во двете основни училишта, годинава се доделија пакети со училишен прибор и пакети со храна и средства за хигиена на семејства на четири ученици од ООУ „Ванчо Прке“ кои живеат во с. Црквенец и во с. Илиово, а припаѓаат на еднородителски семејства кои се во тешка социјално-економска состојба.
Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден, Биљана Петровска, овие деца не само што се во тешка социјална состојба и ги одгледуваат самохрани родители, тоа се и дечиња кои поминале низ трауми и се соочени со секојдневно преживување.
–ЈЛБ„Илинден“, со многу љубов и внимание им спакува пакети со разновиден школски прибор сакајќи почетокот на новата учебна година да го започнат со радост и среќа и да имаат сѐ, што на првиот училишен час ќе имаат сите други деца. Општина Делчево се приклучи на акцијата и подготви пакети со храна и хигиенски средства кои веруваме ќе им бидат добредојдени. Со поддршката кои тие постојано ја добиваат и од ООУ „Ванчо Прке“, каде што учат, но и со денешната наша активност, веруваме дека испраќаме порака и на дело покажуваме дека детската насмевка, радоста и задоволството на нашите деца, секогаш треба да ни биде приоритет. Затоа што секое дете заслужува да биде среќно и безгрижно, порача Петровска.

Актуелности

# Се обележува хоризонталната сигнализација во Делчево



Во Делчево во тек е обележување на хоризонталната сигнализација на сообраќајниците што претставува редовна активност на Општина Делчево, кога станува збор за одржување на хоризонталната сигнализација, со што се обезбедуваат услови за безбедно користење и употреба на улиците од страна на сите учесници во сообраќајот со што директно се влијае на зголемување на безбедноста во сообраќајот во Делчево.

Со оваа активност ќе биде опфатена вкупна површина од околу 2000м2, а ќе се обележуваат осовински линии и линии водилки, стрелки, сообраќајни острови, пешачки премини со стоп– линија, ознаки на коловозот итн., на дел од улица „Маршал Тито“, „Светозар Марковиќ“, „Методи Митевски- Брицо“, „Питу Гули“, Булевар „Македонија“ и „Никола Јонков Вапцаров“.

Изведувач на работите е „ВИА СИГНАЛ“ ДООЕЛ Скопје со кој Општина Делчево има склучено договор за јавна набавка на услуги „Одржување хоризонтална сигнализација“.





# Обновена урбаната опрема на излетничкото место Скаменети сватови

Актуелности



Со нова урбана опрема се замени старата опожарена опрема на еден од најинтересните природни раритети во Делчево, познат како Скаменети сватови, Кукуље, кај с. Нов Истевник. Поставени се нови дрвени клупи, маси, канти за отпадоци со што овој импресивен природен раритет и едно од најпосетуваните излетнички места во Општина Делчево, повторно е подготвено да ги пречека своите гости, љубителите на природата.

Урбаната опрема која претходно беше поставена, настрада во големиот пожар кој го зафати регионот мината година во месец август, а инвестицијата во новата урбана опрема е на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Инаку, „Проектот за уредување и означување на туристички локалитет (природна реткост) Истевнички Кукуље“ го реализираше Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во партнерство со Општина Делчево и ПСК Голак, при што се уреди и локалната планинарска патека од Истевник до Разловци, поставени се 3 информативни табли, 15 патокази и маркација со боја.

Овој проект претставува позитивен пример за соработка помеѓу локалната и централната власт и ќе придонесе да се збогати туристичката понуда на Општина Делчево и во регионот, во делот на активниот и авантуристичкиот туризам.





Актуелности

# Нов лик на познатата чешма над с. Ѕвегор



Завршија градежните работи за реконструкција и санација на популарната чешма и идилично место за одмор на делчевци, но и на патниците кои патуваат за соседна Бугарија, а се наоѓа покрај магистралниот пат А3 над с. Ѕвегор.

Екипи на ЈКП „Брегалница“ извршија комплетна санација на чешмата, поставена е урбана опрема, просторот е поплочен со бехатон плочки, поставена метална настрешница, а самата чешма доби и нов лик со декоративен камен.

Чешмата СКОКОТО е на 937 м.н.в. на планината ВЛАИНА и е на 8 км оддалечена од Делчево, позната е по природната изворска питка вода, а е посветена на Свети Јован Крстител. Чешмата е сместена во убав шумски амбиент од мешана борово-букова шума и претставува одлично место за одмор на патниците кои транзитираат по магистралниот пат.

Инаку, чешмата е изградена во 1996 година, а реконструкцијата и инвестицијата е во рамките на активноста на Општина Делчево за реконструкција и санација на селски чешми во Општина Делчево, во рамките на која се реконструираани селските чешми во селата Град, Вирче, Стар Истевник. Реконструкцијата на селските чешми ќе продолжи и наредниот период.





# Во Делчево ќе се реализира проектот „Младите може да бидат слушнати“

Актуелности



Општина Делчево ќе биде дел од проектот „Младите може да бидат слушнати“ на Коалицијата на младински организации СЕГА. За таа цел на состанокот што се одржа во Општина Делчево, беа договорени планираните активности кои ќе се спроведуваат во рамките на проектот, а со цел да се зголеми учеството на младите во процесите на донесување одлуки и во демократскиот живот на локално и национално ниво. Со проектот се предвидуваат активности за Локалниот младински совет кој ќе биде задолжен да одржи локална дискусија и инфоден со млади за идентификување на потребите на младите и прибирање младински иницијативи, како и едукативна работилница со млади за промоција на Законот за младинско учество и младински политики.

Инаку, претходно, градоначалникот Горан Трајковски и извршниот директор на Коалицијата, Зоран Илиевски, потпишаа Меморандум за соработка за спроведување активности во рамки на проектот „Младите може да бидат слушнати“ (YOUth can be Heard).

Проектот се спроведува во периодот од 1 март до 31 октомври 2022 г. и е поддржан од ЕУ, во рамките на Ерзмус + Програмата преку Националната агенција за европски образовни програми.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Делчево ги одбележа двата Илиндена



Со пригодна свеченост во организација на Општина Делчево, во Делчево се одбележаа 119 години од Илинденското востание и 78 години од Првото заседание на АСНОМ, каде се удрени темелите на македонската држава.

Со почит кон спомент и оставнината на борците за слобода од Илинденското востание 1903, пред споменикот на великанот Гоце Делчев, преку рефератот подготвен од играорците од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево беше потенцирано значењето и улогата на Илинденското востание во 1903 година во развојот на револуционерната мисла и борбата и аманетот на храбрите илинденци.

Чествувањето продолжи пред споменикот на паднатите борци, каде за значењето и улогата на Првото заседание на АСНОМ во 1944 г, пригоден реферат прочитаа членови на КУД „Гоце Делчев“.

Во рамките на одбележувањето, пред двете спомен-обележја во градот, свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.

Традиционално, чествувањето на Илинден продолжува со културно-уметничка програма и граѓански собир во манастирот „Свети Илија“ во с. Ѕвегор.





# Најдобрите делчевски матуранти на средба кај градоначалникот Трајковски

Актуелности



Најдобрите матуранти од делчевската гимназија по враќањето од наградното патување за Турција, беа на средба со градоначалникот Горан Трајковски. На средбата, тие ги пренесоа импресиите од патувањето, информирајќи го градоначалникот за условите, за убавините на Турција и локалитетите кои ги посетиле, но и го потенцираа значењето на оваа награда која е востановена како традиционална награда од Општина Делчево на најдобрите 10 матуранти од СОУ „М. М.Брицо“.

Матурантите летуваа во познатото туристичко место во Турција на брегот на Егејското Море, Кушадаси, како дестинација која ја одбраа за награда од Општина Делчево за постигнатите одлични резултати во текот на средношколското образование.

Патувањето го организираше туристичката агенција „Вардар екперс“, а за оваа намена-наградно патување на десетте најдобри матуранти, Општина Делчево издвои од Буџетот, 354.000 ден.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Општина Делчево со поддршката на Националната платформа за женско претприемништво



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, ја потпиша Декларацијата за поддршка на женско претприемништво со што и Општина Делчево се вклучува во семејството општини кои даваат поддршка на Националната платформата за женско претприемништво.
На состанокот на кој присуствуваа секретарот на Општина Делчево, Билјана Прачковска, заменик- координаторот за еднакви можности, Даниела Такева, координаторот на НПЖП за Источен регион, Ирена Мирчовска, се разговараше за состојбата со женското претприемништво во Општина Делчево, беа донесени заклучоци со кои се дефинираат идните активности во Делчево за поддршката на женското претприемништво.
Беше заклучено да се формира Совет за женско претприемништво на микрорегионално ниво (заедно со општините Берово, Пехчево и Македонска Каменица и Делчево) кој ќе работи на изработка на Стратегија за женско претприемништво, акциски план со конкретни мерки за промоција и поддршка на женско претприемништво. Целта е мотивација на жените активно да се вклучат во оптестството како претприемачи, но и да имаат точна и навремена информација за сите можности и поволности кои им се нудат.



# Авионско прскање против комарци





Во раните утрински часови се спроведе авионското третирање против возрасни комарци на територијата на Општина Делчево. Прскањето се вршеше со еколошкиот препарат CICERON 2.ULV кој е широкопојасен инсектицид одобрен од Бирото за лекови. Прскањето го вршеше лиценцирана фирма за авиоуслуги БОНИЕР ДООЕЛ Куманово, избрана по претходно спроведена тендерска постапка.

Во Делчево се третираше површина од 300 ha, односно на локации по речното корито на Брегалница, централно градско подрачје до езеро „Сандански“, реони и населби во градот и поширокиот опфат на Општината.

Општина Делчево секоја година врши соодветно третитрање на вектор-преносителите на заразни болести, а активноста е предвидена во Годишната програма за заштита на населението од заразни и други болести. За оваа сезона се предвидува уште едно авионско третирање (прскање) за заштита од комарци.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Хуманитарна акција „Секое капаче е вредно“ во Делчево

## ИНИЦИЈАТИВА „СЕКОЕ КАПАЧЕ Е ВРЕДНО“

„Активирај се навреме, бидејќи сега секое капаче има вредност – повеќе детски насмевки“- е мотото под кое и Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево се приклучува на иницијативата „Секое капаче е вредно“ на платформата „Активирај се на време”. Акцијата има хуманитарно-еколошки карактер. Собраните капачиња ќе бидат преземени за рециклирање преку што директно се помога на подобрување на животната средина.

Хуманитарниот аспект на овој проект е насочен кон сите детски одделенија во целата држава на кои им е потребно сериозно реновирање и овозможување подобри услови за лекување. Средства кои се обезбедуваат преку откупот за рециклирани капачиња заедно со финансиската поддршка од главниот покровител Credissimo се целосно насочени кон таа цел.

Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска со поддршка на Општина Делчево наредниве денови ќе се обезбеди соодветна локација, каде ќе се постави метална корпа, каде граѓаните ќе можат да ги оставаат пластичните капачиња кои се тешко разградиви.

Со посебно задоволство се приклучуваме кон кампањата која е национален хуманитарно-еколошки проект и има за цел да се активираат што поголем број компании и граѓани со цел да се соберат што е можно повеќе пластични капачиња. Собраните капачиња ќе бидат преземени за рециклирање преку логистичкиот партнер на кампања „Пакомак“, а собраните средства кои ќе се обезбедат од откупот на капачиња заедно со финасиската поддршка од главниот покровител Credissimo ќе бидат наменети за реконструкција на детските одделенија во целата држава. ЈЛБ „Илинден“, како општествено одговорна и како институција која негува вистински вредности, се приклучи кон оваа иницијатива, сериозно ќе пристапиме, затоа што се работи за нашите најмали и најмили и за реновирање на детските одделенија низ државата, истакна Петровска.

Досега низ државава се поставени десетина метални конструкции за собирање пластични капачиња и тоа во Скопје, Тетово, Битола, Охрид, а наскоро и во Делчево. Одржувањето на конструкциите и рециклирањето на собраните капачиња е овозможено од логистичкиот партнер „Пакомак“.

# Голачки фолклорни средби

Култура



На летната сцена пред Спомен домот АСНОМ во Делчево, играа и пееја десетина културно-уметнички друштва и фолклорни групи од земјава и странство, учесници на годинешното 27 издание на Меѓународната фолклорна манифестација „Голачки фолклорни средби“.
Со пригодна реч учесниците во програмата и гостите ги поздрави и средбите за отворени ги прогласи градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски кој истакна дека е посебно горд што општината уште еднаш дава посебен придонес во промоцијата и сочувувањето на народната фолклорна уметност.
-Како градоначалник ми претставува чест што сум покровител и организатор на овој фестивал и што испишуваме нови страници од оваа стара и вредна традиција. Благодарение на вљубениците на фолклорот, почитувачите на народната уметност и презентерите на нашето фолклорно културно богатство создаваме и оставаме во наследство репрезентативно богатство кое е нашата гордост и зборува за нашата традиција и идентитет, рече градоначалникот Трајковски.
Во рамки на меѓународниот фолклорен фестивал се одржа и дефиле, по што на летната сцена во градскиот парт во Делчево настапија 10 групи од земјата и странство.
На сите учесници на Фестивалот организаторот – Општина Делчево и Националната установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево им врачи плакети и благодарници.
Голачките фолклорни средби се во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со финансиска поддршка од Министерството за култура, а покровител е Општина Делчево.

Култура

# Промоција на романот „Патот до себе“



Во организација на ЈЛБ „Илинден“во Делчево беше промовирано делото „Патот до себе“ од роднокрајниот автор Душко Ивановски. Романот е прво издадено дело на авторот кој умешно склопува приказна, дава јасна слика за едно време преживеано, доживеано, создавајќи пријатно четиво, кое лесно го примаат сите наши сетила.

Како што истакна Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“задоволство е што роднокрајното одделенеие на библиотеката е побогато за уште еден наслов.

-И како што се вели во самата рецензија, авторот низ ова негово дело ни нуди ракопис забавен за читање и лесен за разбирање. Од име на ЈЛБ „Илинден“ на Душко му посакуваме многу успех со оваа негова книга, и му посакуваме уште многу промоции и уште многу нови книги и нови услови, рече Петровска.

Приказната на „Патот до себе“ започува пред Втората светска војна во делчевското село Вртиславци каде што е роден авторот и како што додаде рецензентот Ленче Стоименова, Ивановски го води читателот низ емоции и преживувања на ликовите,откривајки ја нивната свесност за сопствените слабости, и му дава можност на читателот да се надмине самиот себе си. Душко Ивановски основно и средно образование завршува во Делчево, а потоа се запишува на студии во Скопје. Моментално живее и работи во Лондон и работи на вториот дел од оваа книга.






## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**